ОД: Асоцијација за чиста животна средина „Ајде Македонија“

ПРЕДМЕТ: Покана за учество во проектот „МАКЕДОНИЈА БЕЗ ОТПАД 2016“

**МАКЕДОНИЈА ЧИСТА ЗА 1 ДЕН– ВКЛУЧИ СЕ ВО НАЈГОЛЕМАТА ЕКО АКЦИЈА!**

Асоцијацијата „Ајде Македонија“ заедно со главниот покровител Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), преку проектот Цивика Мобилитас, продолжува да го спроведува проектот „**Македонија без отпад 2016**".

Проектот има за цел да го исчисти отпадот кој се наоѓа на несоодветни места во околината, да развие свест кај граѓаните за правилно управување со отпадот и да развие механизми за поддршка на граѓаните, општините и другите засегнати групи за подобро да се справат со неорганизираното и незаконско фрлање отпад во нивните заедници.

Националната акција за чистење има за цел да се намалат количините на несоодветно депонираниот отпад и со која Р. Македонија се вклучува во глобалната акција Let's Do It Wor1d, поддржана од Европскиот Парламент и спроведена во 121 земја во 2015 год.
Датумот на одржување на акцијата е **1-ти октомври, 2016 година**. (сабота).

Досега своето учество го имаат потврдено над 50 општини во Р. Македонија, над 70 граѓански организации, амбасади и компании.

***Со ова писмо Ви се обраќаме за да ја обезбедиме Вашата поддршка на акцијата за 2016 година. Би Ве замолиле со писмено известување на kontakt@ajdemakedonija.mk да ја потврдите Вашата подготвеност за учество и да го потполните електронскиот формулар*** https://goo.gl/Z7Zolx.

**Директни и практични вклучувања во акции**
Примери за директни и практични вклучувања во акцијата би биле:

- Составете екипа од волонтери и учествувајте во акциите за чистење
- Посвојте локација за чистење! Соберете своја екипа и со заеднички сили исчистете локација со илегален отпад
- **Мапирајте!** Пријавете илегални депонии

- Осигурајте и пријавете локален координатор кој ќе биде одговорен за локација за чистење и за собирање на волонтери
- Вклучете се во организација на локално, регионмално или национално ниво
- Ширете го гласот за акцијата, вклучете ги вашите познаници, пријатели, роднини, фамилија или колеги.
- Осигурајте место за промотивните материја, ставете линк од кампањата на вашата интернет страница или пратете мејл со вашите соработници.
- Станете официјален партнер на акцијата, помогнете ја финансиски или материјално
- Помогнете при превозот на отпадот. Доколку имате приколица, трактор или друго слично возило.

## Планирани се следните настани и активности

Примери за настани и активностои кои ќе ги организираме во текот на годината:

- **Интерактивни работилници за деца и родители** со цел подигнување на свеста и мобилизирање.
- **Локални мапирачки настани:** Постојани локално организирани настани низ целата држава со цел да се одбележи отпадот во тек на јуни 2016.
- **Флеш-моб**; ненадејно организирани настани да се привлече вниманието на јавноста. Од мај до октомври 2016.
- **„Несекојдневни-герила“ акции** со цел мобилизирање на граѓаните и подигнување на свеста
- **Проширени медиумски и ПР настани:** планирани да ја зголемат свеста за проектот и правилното управување со отпад. Од мај до октомври 2016.
- **Едукативни предавања:** во тек на септември 2016. Работилници за различни групи во општеството за да се зголеми свеста за одржливи решенија за соодветно управување за отстранувањето на отпадот. Младинска Конференција, дебати и тркалезни маси во текот на **септември 2016**.

  **Медиумска покриеност:** телевизија, радио, весници и печатени медиуми, вебсајт, фејсбук, твитер, јутјуб и блогови, со цел да се развие свеста и да се привлече масовно учество.

Со почит,

Асоцијација за чиста животна средина „Ајде Македонија“